Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 , 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет **Англиски јазик** за **IV (четврто)** одделение на деветгодишното основно образование за учебната 2020/21 година.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# Скратена
# Наставна програма

## АНГЛИСКИ ЈАЗИК

**За IV (четврто) одделение**

**деветгодишно основно образование**

**Скопје, 2020 година**

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет **англиски јазик** се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставниот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената наставна програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, со времетраење на час од 30 минути, при што се реализира предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната наставна програма, односно за наставен предмет со 3 часа неделно, се предвидуваат вкупно 96 часа во скратената наставна програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената наставна програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми[1]

| ТЕМА 1. МОЈОТ МАЛ СВЕТ: СЕМЕЈСТВО, ДОМ, ПРИЈАТЕЛИ ( 24 часа ) |
|---|

| ТЕМА 2. МОЈОТ НАДВОРЕШЕН СВЕТ: УЧИЛИШТЕ, ИНТЕРЕСИ, СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ( 24 часа ) |
|---|

| ТЕМА 3. НАША НАСЕЛБА, НАШ ГРАД, НАШ СВЕТ ( 24 часа ) |
|---|

| ТЕМА 4. НАША ПЛАНЕТА, НАШЕ ЗДРАВЈЕ, НАША ИДНИНА ( 24 часа ) |
|---|

Имајќи го предвид вкупниот фонд на часови предвиден со скратената наставна програма, се препорачува холистички пристап при изучувањето на јазикот во рамките на дадените теми кои вклучуваат различни типови на часови кои опфаќаат не само усвојување на лексички единици и граматички структури туку и предвидените јазични функции, кои заемно ќе придонесат за ефективно совладување на јазичните вештини (слушање и читање со разбирање, говорење и пишување) и ќе овозможат комплетен развој на комуникативната компетенција кај учениците.

Притоа, се препорачува квалитетна презентација на новите наставни содржини со имплементација на активности предвидени за увежбување на истите.

[1] Во однос на дадените теми и понудениот број на часови за истите, наставникот/наставничката прави проценка за начинот и обемот при обработката на секоја тема поединечно, притоа земајќи го предвид интегрираниот и избалансираниот пристап при изучување на сите јазични елементи, согласно можности на учениците и нивните потреби.

Мултикултурализмот, интеркултурните содржини и медиумската писменост се компактибилен дел од наставата по англиски јазик како странски јазик и нивната застапеност во поголемиот дел од наставните содржини овозможува нивна конкретна реализација и практична примена на стекнатите знаења и вештини во современиот начин на комуникација и стил на живеење.

## 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет **англиски јазик** е редовната наставна програма (резултати од учење, содржини и поими, предложените активности и методи и стандарди за оценување).

При реализација на скратената наставна програма, наставата по англиски како странски јазик се реализира преку интегриран пристап без издвојување на одделни јазични компоненти и вештини во однос на бројот на планирани часови. Важно е да се напомене дека изучувањето на англискиот јазик не се темели на посебно изучување на дадени јазични елементи, како што се лексиката, граматиката и јазичните функции, туку потребно е избалансирано и интегрирано изучување на овие елементи во контекст. Особено граматиката не треба да се изучува со меморирање на правилата и дефинициите за употреба, туку контекстуално (со примери), за да се сфати значењето и автентичната примена во јазикот.

Целите на наставната програма за четврто одделение се дел од целите предвидени во вториот развоен циклус за изучување странски јазик (IV - VI одделение) во кој се предвидува учениците да го достигнат подготвителното рамниште А1 за владеење на јазикот прогресирајќи од одделение во одделение преку постепено зголемување на бројот на лексичките единици, видот на јазичните функции и сложеноста на граматичките структури. Тоа значи дека подеднакво внимание се посветува на јазични вештини на рецептивно и продуктивно ниво, како што се: слушање со разбирање, читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и пишување (писмена интеракција и писмена продукција), со цел да се поттикне интегриран развој на комуникативната компетенција.

Наставата по англиски јазик за учениците на оваа возраст се заснова на мултисензорно (визуелно, аудитивно, тактилно и др.) и холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ќе ги интегрира различните компоненти со што јазикот ќе се учи на функционален начин.

При изборот на активностите треба да се води сметка за диференцијацијата и разновидноста на истите, при што треба да се изберат активности кои се соодветни за хронолошката возраст на учениците, како и за нивниот когнитивен развој, т.е. активности со кои би се задржало вниманието на учениците.

## 4.Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет **англиски јазик** за **четврто** одделение на деветгодишното основното образование ја утврди,

Арх. Бр. 12-8424/185
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска